Бр.40-145/13
18.04.2024 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата се одржа на 18.04.2024 (четврток) со почеток во 12:00 ч. Во просториите на МКЦ-Битола

На седницата беа присутни 5 членови на ЛСВ (прилог список за присуство)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од петтата седница одржана на ден 29.11.2023
2. Годишен извештај на ЛСВ за 2023 година
3. План на активности за 2024 година
4. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од петтата седница од 29.11.2023 година беше усвоен со 5 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Златко Талевски ги извести членовите дека Годишниот извештај на ЛСВ за 2023 година го презентирал на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Битола. На Комисијата 3 советници гласаа ЗА усвојување на Годишниот извештај на ЛСВ, а 1 советник беше воздржан. Извештајот беше усвоен од страна на членовите на ЛСВ со 5 гласа **ЗА**.

Во однос на **третата точка** беше дискутирано по писмениот предлог од здружението ИМКА јавниот повик за волонтерските акции да се објави порано, не во месец декември, за да има доволно време да се реализираат активностите. Членовите на ЛСВ се договорија јавниот повик да го објават првата недела од септември 2024 година, за да има доволно време за реализација на волонтерските акции до крајот на годината. Фондот за волонтерски акции оваа година за разлика од претходната е поголем и ќе изнесува 300.000 денари. И по основ на тоа се даде предлог да се поддржат минимум 10 акции со по 30.000 денари.

Претходната година голем број од апликациите биле одбиени најмногу заради административниот дел, на предлог на претседателот на ЛСВ, да се намалат критериумите во однос на административниот дел, членовите се согласија дека критериумот во однос на јавниот простор да не е услов во повикот, односно да им се

даде простор на избраните апликации во рок од 10 дена да обезбедат согласност од општина Битола за тој јавен простор. Критериумот за потпишано партнерство со училиште да остане како задолжителен услов.

Исто така на предлог од здружението ИМКА, членовите на ЛСВ дискутираа дали во предвидениот буџет ќе може да се покријат трошоците за хонорари. Претседателот на ЛСВ нагласи дека еден од основните принципи на волонтирањето е да не се очекува финансиска добивка, но исто така потсети на можноста да бидат покриени трошоците за време на волонтирањето во форма на волонтерски надоместок. Според Законот за волонтерство, можат да се предвидат трошоци за волонтери во износ не поголем од 8.237 денари месечно по волонтер. Беше даден предлог трошокот за волонтерски надоместоци да не е поголем од 1/3 од вкупниот буџет и да се признаат трошоци за волонтери со задолжителен Договор за волонтерство.  Ова да биде назначено во Јавниот повик за 2024 година. Надоместокот за волонтери не можат да го добијат вработени лица во организациите или постојано ангажирани лица со хонорари, како и вработени во јавни институции кои ќе учествуваат во активностите.

Од Претседателот на ЛСВ беше изложено дека во однос на годишниот план за 2023 година, поголем дел дел од активностите се реализирани, но имаше и активности кои не се завршени во целост.  Се разгледуваше кои активности би можеле да се реализираат оваа година. Активности кои се планирани и потребно е да се реализираат во 2024 година.

- Промовирање на волонтерството во Општина Битола – беше даден предлог да се побара од Општина Битола на веб страницата ЛСВ да има свое копче. Друг начин на промовирање е и преку страницата на ЛСВ на Фејсбук и Инстаграм.
- Промоција на волонтерството – планираниот Генералка викенд да се промовира преку социјалните мрежи.
- Локални волонтерски награди и активности за прослава на 5-ти декември Меѓународен ден на волонтерството
- Поттикнување на волонтирањето на локално ниво. Ако е потребно да се испрати нов допис до училиштата за назначување на координатори за волонтерство во училиштата.
- Регистар на општествено одговорни бизниси и состанок со Регионална стопанска комора на тема корпоративно волонтирање.
- Поддршка на волонтерството со национална стратегија, со која се предвидува секој ученик да има 20 часа општокорисна работа, таа не може да функционира на локално ниво, ако нема дозвола од МОН и Биро за развој на образование.
- Да се назначат координатори од училиштата, да се одржуваат состаноци со нив и да се направи план на активности на волонтерските клубови во училиштата.

- Ревидиран деловник за работа. Да се направат соодветни измени за престанок на членство во ЛВС. Претседателот на ЛВС официјално да ги извести општинските органи за престанок на членството ако членот на ЛСВ неоправдано отсуствува на 3 седници по ред.
- Отворени волонтерски денови и е-платформата, на која ќе може да се побаруваат волонтери, да може секој што сака да волонтира. Да се испита можноста за креирање мобилна апликација и да се разговара подетално на следните состаноци на ЛСВ.
- За поднесување кандидатура на Битола за европска престолнина на волонтерството, тековната изборна кампања е пречка, но да се остави простор за понатамошна дискусија и за евентуална кандидатура во јуни 2024 година.

По **четвртата точка** Тековни прашања, немаше дискусија.

| | |
|---|---|
| Записничар: | Претседател на ЛСВ: |
| Наталија Стојковска | Златко Талевски |